

*Фотографии: Ристо Н. Митрев - Рики (Кома лаб.), Кома лаб.*

# 2004

Македонскиот центар за меѓународна соработка МЦМС е организација на граѓанското општество, чија цел е поттикнување, поддршка и развој на локални, регионални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа. Од оваа година МЦМС започна да спроведува програма за меѓурелигиска соработка во Македонија.

Целта на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање на црквите и верските заедници и разбирањето за нив кај македонската јавност. Целна група е целокупната јавност во Република Македонија. Конкретна целна група се членовите и активистите на сите верски заедници во Македонија, со фокус на студентите од нивните образовни институции (теолошки средни училишта и факултети) како директни корисници.

Во програмата се предвидени активности за: експозиција (излагање), градење на капацитетите и информирање. Во рамките на експозицијата (излагањето), се планира да се реализираат повеќе активности како што се размена на професори, посети на теолошките образовни институции, посети на верски објекти, денови на верските заедници, летен камп и посета на позитивни примери. Активностите за градење на капацитетите содржат: техничка помош за теолошките факултети, обука за меѓуверски дијалог, обуки за раководење со проектен циклус,институционален развој и организациско јакнење, обука за англиски јазик и компјутери, како и работилници, семинари и состаноци. Во активноста информирање предвидено е издавање на билтен, адресар, меѓуверски календари, компаративни студии, како и отварање на инфо-канцеларија. Финансиските средства за спроведување на оваа програма се обезбедени од Норвешката и Данската црковна помош.

Во овој календар се содржани празниците, постовите и комеморативните денови на религиите кои се практикуваат во Македонија.

*А сега остануваат овие три работи:*
*верата, надежта и љубовта; најголема меѓу нив е љубовта*
*(1.Кор. 13,13).*



Црква „Св. Богородица Перивлепта" - Охрид



# 2004

## Јануари

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

01.01.2004 Св. Марија Богородица - спомен ден во чест на Марија, која преку Светиот Дух постана Богородица - Мајка Божја.

06.01.2004 Богојавление (Водици) - на тој ден се слават светите Три Цара: Гашпар, Мелхиор и Балтазар кои дојдоа од Исток да Му се поклонат на Исус во Витлеемската пештера.

07.01.2004 Божик (Рождество Христово) - се празнува раѓањето на нашиот Спасител, Богочовекот Господ Исус Христос. Луѓето се поздравуваат со „Христос се роди" и си отпоздравуваат со „Навистина се роди".

14.01.2004 Обрезание Господово - се празнува споменот на обрезението на Господ Исус Христос извршено во Ерусалимскиот храм во осмиот ден од Неговото раѓање. Овој ден е посветен и на свети Василиј Велики, а го означува и почетокот на новата година според православниот календар.

19.01.2004 Богојавление (Водици) - празникот е востановен во спомен на крштението Господово. На овој ден Господ Исус Христос е крстен од св. Јован Крстител во реката Јордан, при што се објавува целата Света Троица. На овој ден се фрла крстот во водата, а водата што се осветува е лековита и се чува во текот на целата година.

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Ако е можно, доколку тоа зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе*
*(Рим. 12,18).*



***Внатрешност***
***од архиепископскиот Соборен храм***
***„Св. Климент Охридски" - Скопје***



# 2004

## Февруари

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 ■ (исламски) |
| 2 ■ (католички – западен обред) | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 ■ (православни) ■ (католички – источен обред) |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 ■ (исламски) | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

■ (исламски) 01.02.2004 - 04.02.2004 (10-13 Зул-хиџе 1424) Курбан Бајрам - еден од двата најголеми исламски празници. На овој ден муслиманите кои имаaат можност жртвуваат курбан во името на Алах џ.ш.

■ (католички – западен обред) 02.02.2004 Сретение Господово - се слави 40-от ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесова во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.

■ (католички – источен обред) 15.02.2004 Сретение Господово - се слави 40-от ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесова во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.

■ (православни) 15.02.2004 Сретение Господово - празникот ја означува средбата Господова со праведниот старец Симеон и пророчицата Ана во храмот во 40-от ден од раѓањето на Господ Исус Христос.

■ (исламски) 21.02.2004 (01 Мухарем 1425) Хиџрет - емигрирањето на Мухамед а.с. со своите привржаници од родното место Мека во Медина. За муслиманите денот на емигрирањето на Мухамед а.с. значи и почеток на муслиманската нова година. Овој настан се случил 623 година по раѓањето на Иса а.с.

Христијански: ■ Православни ■ Католички (западен обред) ■ Католички (источен обред) ■ Евангелско-методистички
■ Исламски ■ Еврејски ■ Ваишнавски

*О верници, нека траен мир биде меѓу вас. Не следете ги стапалките шејтанови. Тој ви е отворен непријател!*

*(Куран: Сура, ел Бекаре, II:208)*



*Џамија „Мустафа Паша" - Скопје*



# 2004

- 01.03.2004 (10 Мухарем 1425) Денот на Ашуре - десеттиот ден на првиот месец од Хиџретската Нова година. Според Возвишениот куран, месецот Мухарем е еден од четирите големи месеци. А ноќта на Ашуре е најголемата ноќ во овој месец.
- 05.03.2004 Светски молитвен ден на жените. Тој ден го одбележуваат верните од Евангелско-методистичката црква. Претставува Интернационално екуменско движење на жени - христијанки, со цел преку молитва и дејствување да се ублажи бедата и да се постават знаци на солидарност.
- 06.03.2004 Гаура - Пурним - го означува појавувањето на Кришнината инкарнација во Индија пред 500 години.
- 07.03.2004 Пурим (Purim) - спасување на евреите во Персија од колежот кој го планирал Аман. (Празник)
- 11.03.2004 Комеморативен ден на евреите - комеморација на Холокаустот на 7200 депортирани македонски евреи во нацистичките логори (од 11.03.1943).
- 25.03.2004 Св. Благовештение- како Пресвета Дева Марија го зачна Исуса Христа преку Светиот Дух.

## Март

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички
Исламски Еврејски Ваишнавски

*Најдобри и најсреќни се тие луѓе што живеат долго и прават добри дела,*
*а најлоши се оние што живеат долго, а делата им се лоши*
*(Мухамед а.с)*



*Внатрешност од џамијата*
*„Мустафа Паша" - Скопје*



# 2004

## Април

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | |

04.04.2004 Цветници - се празнува една недела пред Велигден во спомен на свеченото влегување на Господ Исус Христос во Ерусалим.

06.04.2004 - 13.04.2004 Песах (Pesah) - ослободување од ропството и заминување на евреите од Египет пред 3.316 години.

07.04.2004 Благовештение - на овој ден Архангелот Гаврил се јавил на Дева Марија и ѝ соопштил дека таа е избрана да биде Мајка на Синот Божји. Во спомен на оваа блага (добра) вест што ангелот ѝ ја пренел на Света Богородица, Црквата го востановила празникот Свето Благовештение или Благовест, а се празнува точно девет месеци пред Божик.

11.04.2004 Воскресение Христово (Велигден) Денот на Христовото Воскресение е најголемиот христијански празник. Воскресението Христово е суштината на христијанството и основа на самата вера, како што рекол свети апостол Павле: „ако Христос не воскреснеше, празна ќе беше и нашата вера". Од Воскресение до Вознесение луѓето се поздравуваат со „Христос Воскресе" и си отпоздравуваат со „Навистина Воскресе".

18.04.2004 Јом Ашоа (Jom ašoa) - Ден на Холокаустот во целиот свет - сеќавање на востанието на евреите во Варшавското гето 1943 година и на 6 милиони еврејски жртви на нацистичкиот терор. (Комеморативен ден)

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Оние кои се надеваат на Господа, ќе ја обноват силата своја: ќе кренат крилја како орли, ќе трчаат и нема да им биде тешко, ќе одат и нема да се уморат*
(Исаија 40,31).



Католичка црква „Пресвето срце Исусово" - Скопје



# 2004

## Мај

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 31 | | | | | | |

01.05.2004 - 02.05.2004 (11/12 Ребиул-Евел 1425) Мевлуд - раѓањето на Мухамед а.с. На 11/12 Ребиул-Евел пред Хиџретската Нова година, или ноќта меѓу 20-21 април 571 година по раѓањето на Иса а.с. е роденденот на Алаховиот пратеник Мухамед а.с.

09. 05.2004 Лаг Баомер (Lag baomer) - Ден на радоста и празник на школската младина. (Празник)

09.05.2004 Ден на мајката - се одбележува во Евангелско-методистичка црква и е интернационално движење на верни мајки од цел свет на кој се нагласува улогата на мајката во духовното воспитување на децата и згрижување на секое напуштено дете без разлика која е причината.

20.05.2004 Вознесение Христово (Спасовден) - празникот е востановен во спомен на Христовото Вознесение. Тој ден се празнува 40-от ден по Велигден и се паѓа секогаш во четврток. Овој празник е наречен и Спасовден зашто го чествува денот на Спасителот на светот- Господ Исус Христос.

26.05.2004 Шавот (Šavuot) - примање на Тората и празник на жетвата. (Празник)

30.05.2004 Духовден (Педесетница) - се празнува десет дена по Спасоведен. На овој ден Светиот Дух во облик на пламени јазици слегол врз апостолите, по кое што апостолите започнале да зборуваат на разни јазици, а насобраните луѓе, иако дојдени од разни краеви на земјата, го разбирале говореното. Вториот и третиот ден од овој празник се посветени на Света Троица, зашто со благослов на Отецот се исполнило ветувањето на Синот, дадено на апостолите, дека ќе им го испрати Светиот Дух.

31.05.2004 Пресвета Троица- се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Како што кошутата жеднее по водни извори,*
*така и душата моја, Боже копнее по Тебе!* (Пс.41,1)



*Внатрешност од Католичката црква „Пресвето срце Исусово“ - Скопје*



# 2004

06.06.2004 Пресвета Троица - се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.

06.06.2004 Сите Светии - според католичкото мислење сите кои се во небото се свети и нив ги има многу повеќе отколку што ги има во календарот и затоа Црквата го воведе овој празник во чест на сите нив.

10.06.2004 Телово (Пресвета Евхаристија) - како Господ наш Исус Христ тос ни ја дарува Евхаристијата, израз на Неговата неизмерна љубов.

## Јуни

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| 28 | 29 | 30 | | | | |

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Не откажувај да му направиш добро на оној кој има потреба,*
*кога раката твоја има сила да му помогне*
*Соломонови изреки. 3,27*



*Евангелско-методистичка црква - Скопје*



# 2004

27.07.2004 Тиша Беав (Tiša beav) - ден на уништувањето на Првиот и Вториот храм во Ерусалим. (Пост)

## Ј у л и

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Милостината и верата да не бидат скудни во тебе:*
*Обеси ги на вратот свој, напиши ги на плочите на срцето свое*
*Соломонови изреки 3,3*



***Внатрешност од***
***Евангелско-методистичката црква - Скопје***



# 2004

## Август

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| 30 | 31 | | | | | |

06.08.2004 Преображение Господово - овој празник Црквата го прославува во чест и во спомен на Христовото Преображение на горатa Тавор.

15.08.2004 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.

19.08.2004 Преображение Господово овој празник Црквата го прославува во чест и во спомен на Христовото Преображение на горатa Тавор.

19.08.2004 - 20.08.2004 (03/04 Реџеб 1425) Лејлетул Регаиб - на 03/04 Реџеб според Хиџретската Нова година - според изворните искажувања е ноќта на Регаиб, ноќта кога е зачнат Алаховиот пратеник Мухамед а.с.

28.08.2004 Успение на Пресвета Богородица - празникот е востановен во спомен на успението на Пресвета Богородица. Според преданието, на третиот ден по нејзиниот погреб Господ Исус Христос ја воскреснал, издигнувајќи ја на небото.

28.08.2004 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Рабан Шимон Бен Гамлиел говореше: На три работи светот опстојува: На правда, на вистина и на мир, како што е речено: Зборувајте вистина еден на друг, праведно и миролјубиво судете при портите ваши.*
*(Захарија 8 : 16)   / Пирке Авот 1 : 15 /*



*Синагогата „BETH YAAKOV" - Слика пред земјотресот во старото еврејско маало во Скопје*

*Синагогата „BETH YAAKOV" - БЕТ ЈАКОВ во Скопје*



# 2004

## Септември

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

- 08.09.2004 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана, христијанската Црква го востановила овој празник, познат и како Мала Богородица.
- 11.09.2004 - 12.09.2004 (26/27 Реџеб 1425) Лејлетул Мирaџ - на 26/27 Реџеб според Хиџретската Нова година или 620 го-дина по раѓањето на Иса а.с. е ноќта во која Мухамед а.с. доживеал два настана. Првиот е Исра или хоризонталното патување од Мека до Месџидул Акса (денешен Ерусалим), а вториот е Мирaџ или вертикалното патување од Месџидул Акса до високите небесни сфери.
- 14.09.2004 Воздвижение на чесниот Крст - се празнува во чест на пронаоѓањето на крстот на кој бил распнат Господ Исус Христос. Чесниот крст го пронашле Царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век.
- 16.09.2004 - 17.09.2004 Рош Ашана (Roš ašana 5765) - Нова година ја празнуваат евреите.
- 21.09.2004 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана, христијанската Црква го востановила овој празник, познат и како Мала Богородица.
- 25.09.2004 Јом Акипурим (Jom akipurim) - ден на смирување и простување. (Пост)
- 27.09.2004 Воздвижение на чесниот крст - се празнува во чест на пронаоѓањето на крстот на кој бил распнат Господ Исус Христос. Чесниот крст го пронашле Царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век. (строг пост)
- 29.09.2004 - 30.09.2004 (14/15 Шабан 1425) Лејлетул Берат - според исламските учења е ноќта кога Алах џ.ш. врши детерминирање (предодредување) на судбините на луѓето.
- 30.09.2004 - 01.10.2004 Сукот (Sukot) - спомен ден на 40-годишното талкање по пустината и празник на бербата на овошје. (Празник)

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Зборови на пророкот Исаија: Камо среќа да се исполнат зборовите на пророкот Исаија, народите да ги прековаат мечовите во плугови, копјата во српови, никогаш повеќе народ против народ меч да не крене, никогаш повеќе војни да не бидат* *Амен*



***Внатрешност од Синагогата „BETH YAAKOV" - БЕТ ЈАКОВ во Скопје***



# 2004

- 08.10.2004 Симхат Тора (Simhat Tora) - празник на Тората. (Празник)
- 14.10.2004 Покров на Пресвета Богородица - празникот е востановен во спомен на постојаното покровителство на Пресвета Богородица и помошта што таа им ја дава на сите што ѝ се молат искрено.
- 15.10.2004 (1 Рамазан 1425) Рамазан - месецот рамазан за муслиманите освен што преставува месец на постот, тоа е месец на солидарност и толеранција меѓу сите луѓе. Во текот на овој месец муслиманите преку цел ден се оддалечуваат од јадење, пиење и телесни задоволства.
- 31.10.2004 Христос Цар - славејќи го овој празник Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

## Октомври

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*За оној што го овладеал умот, умот е најголем пријател,*
*но за оној што не го сторил тоа,*
*умот ќе остане најголем непријател*

*(Бхагавад-Гита 6.6 / **Bhagavat-Gita 6.6**).*



*Верски елемент од храмот*
*на Ваишнавската верска заедница во Скопје*



# 2004

## Ноември

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | | | | | |

- 01.11.2004 (17 Рамазан 1425) Денот на Бедр - на 17 рамазан, две години по емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина или 624 година по раѓањето на Иса а.с. во местото Бедр, се случила првата битка меѓу муслиманите и многубошците (политеистите), т.е. битката меѓу верувањето и неверството, меѓу доброто и злото, во која победуваат муслиманите.
- 01.11.2004 Сите Светии - според католичкото учење сите кои се во небото се свети и нив ги има многу повеќе отколку што ги има во календарот и затоа Црквата го воведе овој празник во чест на сите нив.
- 09.11.2004-10.11.2004 (26/27 Рамазан 1425) Лејлетул Кадр - ноќта меѓу 26/27 рамазан во ноќта именувана Лејлетул Кадр, или 610 година по раѓањето на Иса а.с. почна објавата на Возвишениот куран. За вредноста на оваа ноќ зборува самиот куран. Куранот оваа ноќ ја опишува како повредна од 1000 месеци.
- 14.11.2004 - 16.11.2004 (1-3 Шеввал 1425) Рамазански Бајрам. По завршувањето на месец рамазан, муслиманите го прославуват Рамазан или Фитр Бајрам. Прославувањето на бајрам датира од емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина. За бајрамските денови муслиманите ги посетуваат своите најблиски.
- 21.11.2004 Христос Цар - славејќи го овој празник Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

*Оној што не е поврзан со Севишниот не може да има ни трансцедентална интелигенција ниту постојан ум, без кои не може да најде мир. А како може да постои среќа без мир?* *(Бхагават-Гита 2.66 / Bhagavat Gita 2.66)*




*Верски елемент од храмот на Ваишнавската верска заедница во Скопје*



# 2004

## Декември

| Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок | Сабота | Недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

04.12.2004 Воведение на Пресвета Богородица (Пречиста) - Пресвета Дева Марија била ветена од нејзините родители да му служи на Бога, па затоа, кога таа наполнила три години нејзините родители Јоаким и Ана ја одвеле во Ерусалимскиот храм. Во спомен на овој настан, воведувањето на тригодишната Марија во храмот, Светата Црква го востановила празникот Воведение, познат и како Света Пречиста.

08.12.2004 - 15.12.2004 Ханука (Hanuka) - спомен ден на ослободителната борба на евреите и посветување на Храмот пред 2167 години. Востание на макабејците (Празник)

25.12.2004 Божиќ (Рождество Христово) - како Дева Марија Го роди Исуса Христа во Витлеемската пештера.

Христијански: Православни, Католички (западен обред), Католички (источен обред), Евангелско-методистички
Исламски, Еврејски, Ваишнавски

Македонски центар
за меѓународна соработка

Design © Koma lab.